Република Северна Македонија

**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave**

**СЕКТОР ЗА ШУМАРСТВО И ЛОВСТВО**

2 7 -08- 2026

август, 2026

АРХИВСКИ БРОЈ: 49 - 8097/1

ИЗВЕСТУВАЊЕ

**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство ја известува јавноста дека забраната за движење во шума се продложува до 30 септември 2026 година и ги повикува граѓаните на посебна претпазливост со цел спречување на појава на пожари на отворен простор.**

Министерството ја потсетува пошироката јавност дека и во периодот кој следи не е намалена опасноста од појава на пожари на отворен простор и граѓаните да биде особено внимателни бидејќи поради високите температури ризикот од појава на пожари на отворен простор сеуште е голем и од суштинско значење е јавноста да ги разбере опасностите како и последиците од појавата на пожари на отворен простор и со своето однесување да придонесат кон заштита и сочувување на шумите, односно животна средина, имотите и заедниците во целина.

ВАЖНО

- Лица кои вршат активности на земјоделски површини како и сточарите да бидат особено внимателни при извршување на активностите и да не дојде до неконтролирано палење на земјоделско земјиште и пасиштата што е строго забрането со закон и претставува казниво дело.
- Сериозни ризици - пожарите на ниво на предел директно ги загрозуваат човечките животи, имот и животната средина. - Правни последици – предизвикување на пожар на отворен простор е казниво дело.
- Клучен елемент за спречувањето на пожари од пошироки размер е Брзо откривање – јавноста да алармира на 112.

СОВЕТИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ

- Избегнување на палење на било каков оган за време на периоди на силен ветер или суво време.
- Пронаоѓање на побезбедни методи за расчистување на земјиштето и отстранување на горливиот материјал.


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија

Ул. „Аминта Трети“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
MKC EN ISO 9001:2015

МЗШВ ги охрабрува сите граѓани да останат информирани и да преземат превентивни мерки за да се избегне појава на пожари на отворен простор

За таа цел се повикува јавноста да ја следи и да се приклучи на Програмата за управување со пожарите на ниво на предел (lfmwb.net) во која Министерството е партнер институција и активно работи на имплементација на активности и мерки дефинирани во програмата со фокус на превенција и подготвеност во управувањето со пожарите на ниво на предел.

**Работејќи заедно, можеме да го намалиме ризикот и да ја обезбедиме безбедноста на нашите домови, имоти, шумите и животната средина..**

МИНИСТЕР

Борче Серафимовски



Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија

Ул. „Аминта Трети“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015